РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

УП I Бр. 25-114
30.05.2013 година
Скопје

Министерот за економија врз основа на член 62 став (2) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/08, 53/11 и 123/12) и член 24 став (2) од Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата („Службен весник на Република Македонија“ бр.131/09, 16/10, 105/10 и 132/12), постапувајќи по барање на Друштвото за производство, промет и услуги ВИА – КОМЕРЦ Џемаљ ДООЕЛ Експорт-импорт с.Крушопек - Сарај, УП I бр.25-114 од 17.05.2013 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ на Друштвото за производство, промет и услуги ВИА – КОМЕРЦ Џемаљ ДООЕЛ Експорт-импорт с.Крушопек - Сарај, за вршење на идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата за категорија $M_1$, T и R,** во станицата за технички преглед лоцирана на ул.1721 бр.29 с.Глумово - Сарај.

Образложение

Друштвото за производство, промет и услуги ВИА – КОМЕРЦ Џемаљ ДООЕЛ Експорт-импорт с.Крушопек - Сарај, до Министерството за економија поднесе барање УП I бр.25-114 од 17.05.2013 година за овластување на правното лице за технички преглед за вршење на идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата за категорија $M_1$, T и R согласно член 24 став (3) од Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата. Кон барањето се поднесени следните документи:

-Решение за овластување за вршење на технички преглед на сите групи на категории бр.22.1-2003 од 05.10.2012 година издадено од Министерство за внатрешни работи, во станицата за технички преглед лоцирана на ул.1721 бр.29 с.Глумово - Сарај;

-Изјава за сопственост на деловниот простор од 15.05.2013 година;

- Копии од обрасците М1/М2 за: дипл. маш. инж. Никоски Зоран со Потврда за положен стручен испит бр.25-1153/2 од 11.04.2013 год. и контролор Николче Мрчковски со Потврда за положен стручен испит бр.25-2708/11 од 20.05.2010 год.;

- Доказ за склучен договор за осигурување - Полиса бр.800002847 од 10.09.2012 година;

- Внатрешни процедури за обезбедување на квалитет во постапките за идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилата; и

- Записник за извршен непосреден увид кај барателот, УП I бр.25-114 од 27.05.2013 год.

Министерството за економија, постапувајќи по поднесеното барање и одредбите од Законот за возила и Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата, утврди дека барањето е основано.

Врз основа горе изнесеното, а согласно член 62 став (2) од Законот за возила се донесе решение како во диспозитивот.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, ... , 6/10, 145/10, 17/11 и 84/12) во износ од 2.000,00 денари, е залепена на поднесокот и поништена.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

МИНИСТЕР,
Ваљон Сараќини

| | |
|---|---|
| Изработил: | Јане Шапардановски |
| Контролирал: | Нериман Џеладини |
| Согласен | Билјана Д. Стојановска |
| Одобрил | Анче Трифунов |